РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2945/4
04.05.2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66та седница, одржано на 21.04.2021 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 09-2945/1 од 23.08.2021 година, поднесена од непознат подносител против ------- --------, член на Советот за ------ - ------ -- -------, **СЕ ОТФРЛА.**

Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека веќе има постапувано по предмет со исти наводи, по што донесена е одлука на 66та седница, одржана на 21.04.2022 година.

Предметот со број 09-2945/1 од 23.08.2021 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 09-2945/1 од 23.08.2021 година е оформен по поднесена пријава од познат подносител против лицето ------- --------, член на Советот за ------ - ------ -- -------, со наводи дека лицето нема поднесено анкетен лист по изборот на функцијата Член на Советот Советот за ------ - ------ -- ------- и дека истиот е сопственик на друштво за ------ ----- -------, ДООЕЛ Скопје. Кон пријавата беа доставени дополнувања со наводи и против други лица, членови на Советот за ------ - ------ -- -------за постоење на судир на интереси при одредени нивни постапувања.

Поради фактот што Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека веќе е постапувано по пријава со исти наводи, за што ДКСК ја утврди фактичката состојба и на 66та седница, одржана на 21.04.2022 година, донесе одлука со бр. 09-2945/3 од 04.05.2022 г. година.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

По заклучок на ДКСК:
Изработил: Е.Н, соработник
Контролирал: К.З., раководител
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk